Датум

21.04.2015г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов за текстот со наслов "Иванов во Изолација на Водно", објавен на 26.03.2015 година во дневниот весник "Вест".**

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

**Текстот е професионален, етички, испочитувани се професионалните стандарди и се однесува на тема која е од јавен интерес.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 26.03.2015 година, Секторот за односи со јавноста на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов поднесе жалба за текстот со наслов "Иванов во изолација на Водно", објавен на 26.03.2015 година во дневниот весник "Вест". Во жалбата се наведува дека "тврдењето содржано во поднасловот на објавениот напис, според кое претседателот Иванов „два месеца немал ниту една официјална меѓународна државничка средба" не кореспондира со вистината и грубо ја дезинформира јавноста, со што се нарушуваат етичките принципи, критериуми и стандарди на професионалното и одговорно новинарство наведени во Кодексот на новинарите на Македонија." Во продолжение на жалбата, Кабинетот посочува дека "повикувајќи се на официјалната веб-страница на Претседателот на Република Македонија, авторот на написот има извршено непринципиелна селекција на факти, врз која ги темели

своите тврдења”. Понатаму оттаму истакнуваат дека во написот е пропуштено да се споменат дел од средбите и меѓународните активности на претседателот Иванов, за кои македонската јавност е навремено информирана, а се случиле во последните два месеца, период што авторот го опсервира во својот текст. Дополнително, тие сметаат дека принципите на етичното, избалансираното и објективното новинарство се нарушени, бидејќи во случајот не е контактиран и не е побаран став од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија. Оттука, Кабинетот на Претседателот на Република Македонија смета дека врз основа на нецелосни информации, а низ манипулативно и селективно толкување е направена конструкција со цел дезинформирање на јавноста и искривување на перцепцијата за работата на македонскиот претседател. Кон жалбата е приложен и преглед на активностите на претседателот Иванов за последните два месеца, споредбено со направениот избор од страна на дневниот весник „Вест".

Извршната канцеларијата на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со дневниот весник “Вест” со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Во одговорот во врска со жалбата на Кабинетот на Претседателот Ѓорге Иванов за текстот “Иванов во изолација на Водно” стои дека колегиумот на Редакција Вест го има следниов став:
“Кабинетот на претседателот Иванов реагира за делот од текстот дека “претседателот два месеци немал официјална државничка меѓународна средба” и смета дека тоа не кореспондира со вистината и дека Вест “грубо ја дезинформира јавноста”. Сакаме да појасниме дека Вест пишува оти нема **официјална меѓународна државничка средба** на претседателот Ѓорге Иванов, а не дека нема **меѓународна активност.** Вест во текстот “Иванов во изолација на Водно” објави дека шефот на државата Иванов немал официјална државничка средба од октомври 2014 година, кога бил во официјална посета на претседателот на Србија, Тома Николиќ. Вест во споменатиот текст не се занимава со средбите на претседателот кои се неофицијални, работни, учество на меѓународни конференции, погреби, помени, инаугурации и слично, туку акцентот е ставен на **официјалните меѓународни државнички средби.**” Во

одговорот од Вест потенцираат и појаснуваат дека фокусот на интересот на Вест е официјалниот меѓународен ангажман на претседателот Иванов во период на избувнување на аферите Пуч и Прислушување и евентуално негово вклучување во решавањето на политичката криза. Во тој период, според официјалната веб-страница на претседателот, стои во одговорот, шефот на државата нема ниту една официјална меѓународна средба. Колегиумот на Вест смета дека не кореспондираат со вистината забелешките на кабинетот на претседателот Иванов дека Вест ги нарушува етичкото и избалансирано и објективно информирање и дека не е контактиран и побаран став од кабинетот. Од весникот објаснуваат дека "Вест не побара став од кабинетот на претседателот Иванов за текстот "Иванов во изолација на Водно", поради тоа што сметаме дека официјалната веб - страница на Претседателот на државата е официјален извор кој се ажурира секојдневно и нуди најрелевантни информации за активноста на шефот на државата". На крај од одговорот стои дека "Колегиумот на Вест сака да искаже згрозеност и револт во врска со јазикот и тонот на споменатата реакција на кабинетот на претседателот Иванов. Ја сметаме таквата реакција за флагрантен доказ за притисок и удар врз уставно загарантираната слобода на информирање".

Извршната канцеларија за конкретниот предмет кон Комисјата за жалби како доказ ги приложи и весникот "Иванов во изолација на Водно", но и реакција на Генералниот секретар на Кабинетот на Претседателот на РМ Борис Јосифовски доставена до главниот и одговорен уредник на Вест, Горан Михајловски, која исто така е објавена во наредното издание на весникот. Во реакцијата, Јосифовски меѓу другото, го наведува и следното: "Очигледно е Вашето со години station наназад лично непочитување на институцијата Претседател на Република Македонија и лична нетрпеливост кон проф. Ѓорге Иванов. **Вашите фрустрации, комплекси и недостаток на домашно воспитание остануваат само лично ваши. Немојте да го злоупотребувате Вам довереniot медиум, со цел да ги правите јавни"."За ваше поточно информирање, претседателот Иванов покрај активностите што ги набројувате во Вашиот тенденциозен напис, има остварено речиси три пати повеќе активности на меѓународен план во последните два месеца, период кој е предмет на Вашата несериозна анализа, во која**

**изнасувате произволни заклучоци." Во продолжение на реакцијата стои дека наместо да објавуваат невистини и да манипулираат со јавноста, доволно било од Вест да побараат точни и прецизни информации од Одделениетто за односи со јавност на Кабинетот на Претседателот. Со тоа, сметаат од Кабинетот на Претседателот на РМ, прекршено е едно од основните новинарски правила. Кабинетот на Претседателот на РМ смета дека врз основа на нецелосни информации, а низ манипулативно и селективно толкување е направена конструкција со цел дезинформирање на јавноста и искривување на перцепцијата за работата на македонскиот претседател. На крајот, стои во реакцијата до Вест, "Ви препорачуваме – сериозните теми да ги оставите на сериозните медиуми, а Вие да продолжите да се занимавате со Вашите теми, својствени за Вашиот медиум".**

На реакцијата, одговор објавил и колегиумот на редакцијата "Вест" каде остро реагира на изнесените тврдења сметајќи дека не кореспондираат со вистинитоста и грубо ја дезинформираат јавноста.

На седницата на 17.04.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, го разгледа и одговорот од Вест и демантот и направи увид во наведениот текст .

Комисијата за жалби најде дека Жалбата е НЕОСНОВАНА.

***

Согласно член 3 од Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите од Совет на Европа, усвоена од Комитетот на министри на 12 февруари 2004 година, политичките личности одлучиле да апелираат на довербата на јавноста и прифатиле да бидат предмет на јавна политичка дебата, а со тоа и предмет на надѕор на јавноста и на потенцијално силна јавна критика по пат на медиумите, во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Согласно член 4 од истата Декларација, јавните функционери мора да прифатат дека тие ќе бидат предмет на јавен надзор и критики, посебно по пат на медиумите во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите фукнции во онаа мера во која таа е неопходно поради обезбедување транспарентност и одговорно извршување на фукнцијата.

Согласно член 16 од Уставот на РМ "Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесувањена информации.Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање.Цензурата е забранета."

Според преамбулата на Кодексот на новинари, основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија и новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат.

Согласно член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер имателите на информации се должни редовно да водат и да ја ажурираат листата на информации со кои тие располагаат и да ги објавуваат на начин достапен за јавноста (Интернет страница, огласна табла и друго).

Согласно Пресудата на ЕСЧП во случајот Dalban против Романија (1999 година), Судот укажа дека "новинарската слобода опфаќа и можно прибегнување кон одреден степен на

преувеличување, па дури и провоцирање". Во точката 49 од пресудата се вели дека "иако медиумите не смеат да пречекорат одредени граници, особено во поглед на угледот и правата на другите и потребата да се спречи откривањето доверливи информации, нивната должност, сепак, е да пренесатинформации и идеи за сите прашања од јавен интерес, на начин кој што е во согласност со нивните обврски и одговорности. Покрај тоа, Судот е свесен за фактот дека новинарската слобода, исто така, опфаќа можно прибегнување до степен на претерување или дури и провокација. Во случаи како што е сегашниов, националната граница на почитување е ограничена од страна на интересот на демократското општество во овозможувањето на медиумите да ја искористат својата законска улога на "јавен чувар " во соопштувањето информации од сериозен јавен интерес".

***

На седницата Комисијата за жалби, најпрво, ги спореди фактите пренесени во текстот и демантот и констатираше дека наводите на авторот се поклопуваат со наводите на Кабинетот на Претседателот на РМ за активностите, но дека авторот се задржал само на анализа на средбите на Претседателот на РМ со еднаков политички ранг согласно дипломатската пракса и меѓународните конвенции, додека Кабинетот не прави разлика со дипломатското рангирање со учесниците на остварените средби на Претседателот (Виенска конвенција) , ниту, пак, прави разлика меѓу официјална меѓудржавна средба и меѓународни активности на Претседателот.

Комисијата за жалби смета дека весникот со полно право може да анализира и да прашува јавно за сработеното на кој било избран и именуван функционер во државава, вклучително и на Претседателот на РМ. Во овој случај медиумот ја наметнува на јавноста дилемата зошто никој странски политичар со еднаков политички ранг на Претседателот не дошол во официјална посета на државата во тие два месеци кои ги споменува весникот, ниту, пак, Претседателот на РМ бил во официјална меѓународна државничка средба. Авторот, во својата

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

анализа, не ги крие официјалните меѓудржавни средби кои ги имал Претседателот во странски земји и ги наведува точно онака како што информираат од Кабинетот.

Како што може да се увиди од чл. 3 и 4 од Декларацијата за политичка дебата на Советот на Европа , медиумите можат слободно да го анализираат начинот на кој јавните функционери ги извршувале или ги извршуваат своите фукнции во онаа мера во која таа е неопходно поради обезбедување транспарентност и одговорно извршување на фукнцијата и дека политичките личности одлучиле да апелираат на довербата на јавноста и прифатиле да бидат предмет на јавна политичка дебата, како што во случајов е со Претседателот на РМ.

Понатаму, Комисијата заклучува дека авторот во наведениот текст прави јасна разлика меѓу фактите и мислењата, коментарот , претпоставките и ставовите , со што активно го остварува правото дадено со чл. 16 од Уставот на РМ , односно правото на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Комисијата, понатаму, смета дека во овој случај целосно е исполнета основната задача на новинарите, токму онака како што е опишана Преамбулата на Кодексот на новинарите на Македонија, да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија,да ја исполнуваат улогата да пренесуваат информации, идеи и мислења и да го користат правото да коментираат.Иако во случајов, авторот на текстот не употребува "остар речник", Комисијата за жалби најде за потребно при својата одлука да се повика и на Пресудата на ЕСЧП во случајот Dalban против Романија, каде јасно е нагласено дека "новинарската слобода опфаќа и можно прибегнување кон одреден степен на преувеличување, па дури и провоцирање" и дека демократското општество во овозможувањето на медиумите да ја искористат својата законска улога на "јавен чувар " и затоа Претседателот на РМ и неговото работење се легитимна новинарска цел, па макар како инструмент за јавна дебата да се искористат и елементи на преувеличување и провоцирање.

# совет за етика во медиумите на македонија

Комисијата смета дека медиумот правилно го применил и чл.3 од Кодексот на новинарите на РМ и дозволил објавување на демантот на Кабинетот на Претседателот на РМ во целост.

Во однос на жалбата на Кабинетот на Претседателот на РМ дека медиумот при создавањето на текстот не го исконтактирал Одделението за односи со јавност на Претседателот за да ги прибави потребните информации, Комисијата најде дека новинарот/медиумот не биле должни да се јават во Кабинетот, бидејќи Интернет - страницата на Претседателот на РМ е легитимен извор на информации и дека, согласно чл. 9 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации, во овој случај институцијата Претседател на РМ, се должни редовно да водат и да ја ажурираат листата на информации со кои тие располагаат и да ги објавуваат на начин достапен за јавноста (Интернет страница, огласна табла и друго), па оттука неосновано е тврдењето на Кабинетот дека медиумот постапил непрофесионално што не го исконтактирал Одделението за односи со јавноста.

***

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија го осудува речникот со навреди на Генералниот секретар Борис Јосифовски искажан во официјалниот демант на Кабинетот на Претседателот на РМ испратен до медиумот и гл. и одг. уредник Горан Михајловски .

Комисијата за жалби го потсетува Генералниот секретар дека **тој е државен службеник** и, кога испраќа официјални акти од институцијата во која работи и кога контактира со физички и правни лица, треба да се држи и да го почитува Етичкиот кодекс за државните службеници (Сл. весник на РМ бр. 129/2011) ,односно да го почитува чл 2 ст. 10, каде се вели дека **државниот службеник, кога ја остварува својата службена должност, во непосреден контакт со физички и правни лица, се однесува одговорно, внимателно, љубезно, смирено, општи и соопштува информации на едноставен и разбирлив јазик...**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

Понатаму, Комисијата му укажува на Генералниот секретар Јосифовски дека, согласно чл. 14 ст. 2 од истиот Кодекс , државниот службеник ќе се воздржува од давање јавни изјави што се штетни за угледот на органот во кој е вработен или на државната служба во целина , притоа без да се наруши остварувањето на неговото право на јавно изразување на мислење.

Комисијата му посочува на Генералниот секретар Јосифовски дека, во својство на претставник на институција , за време на работното време и при издавањето на официјалните акти , нема право да дава оценка кој медиум е сериозен, а кој не, бидејќи тоа може единствено да го прават реципиентите- граѓаните на РМ . Во спротивно, ваквиот однос би можел да биде сфатен како притисок и попречување на слободата на изразување од страна на јавен орган што се коси со чл 10 ст. 1 од Европската конвенција за човекови права и чл. 16 од Уставот на РМ.

***

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Беким Ајдини и Теофил Блажевски.

**Се обврзува дневниот весник Вест, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595